# 365 ДЕНА ПРОМЕНИ ШТО НОСАТ ИДНИНА

ОТЧЕТ НА ОПШТИНА
**ПРИЛЕП**



ноември 2022 година



**Градоначалник на општина Прилеп Борче Јовчески**

Почитувани мои сограѓани,
Од моментот кога ја добив Вашата доверба до денес и покрај политичката, енергетската и економската криза, мораме да признаеме дека Општина Прилеп значително се промени во сите сфери на општественото живеење. Прилеп не е повеќе град на сивилото и безнадежноста. Овој град после подолга стагнација продолжува да се уредува и развива, а луѓето повторно веруваат во неговата иднина.

Но, кога го говорам ова, сепак, мора да го имаме во предвид фактот дека Прилеп не е надвор од македонските, европските и светските случувања. За жал и тој го носи товарот на ова време, поврзано со светската енергетска и економска криза. Но, и покрај се, во ова едногодишно работење со мојот тим, не се уплашивме од фактичката состојба туку напротив, се вложивме со активна работа во реализација на ветените проекти за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните во нашата општина. Сето ова ни беше поттик и мотив да водиме секојдневна битка за поквалитетно секојдневие на секоја единка во нашата заедница. Во таа насока, со голема упорност и многу работа, ги правевме потребните чекори за изнаоѓање решенија за подобар живот на прилепчани.

Реализиравме низа проекти од витално значење за градот и населените места. Од општинскиот буџет асфалтиравме, реконструиравме и санираме голем дел од локалните улици, создадовме услови за почиста животна средина, ги обновивме парковските површини, детските игралишта, извршивме реконструкција на дел од водоводната мрежа и атмосферската канализација и успеавме да го завршиме виталниот проект за водоснабдување на градот – "Реконструкција на главниот довод од Пашоски ливади". Завршивме и со комплетна реконструкција на пешачката улица „Борка Талески" која што е составен дел од плоштадот „Методија Андонов-Ченто" со површина од 3500м2, вклучително и реконструкција на подземната инфраструктура. Она со што најмногу се гордеам како градоначалник е влогот во образованието. Издвоивме над 30.000.000 денари за подобрување на условите за работа во сите училишта во Прилеп. Нема училиште во Прилеп во кое не сме инвестирале, вложиле, обновиле или реконструирале!
Дадовме огромна поддршка на низа културни манифестации, фестивали, спортски настани, како и за развој на алтернативниот туризам. Но, посебно сум горд што успеавме да ја доведеме во завршна фаза доизградбата на детската градинка во населба Точила, клучен и капитален проект за квалитетен развој на нашите деца, за кој што ја наследивме и целосната сума за исплаќање, а во оваа година исплативме 37.000.000 денари. Ветивме и реализиравме за прв пат во Општина Прилеп, финансиска помош од 6000 денари за секое новородено дете, продолживме со субвенционирање на дел од средствата за купени велосипеди за околу 400 наши сограѓани, како наш приоритет за грижата за здрава животна средина и поддршка на граѓанскиот сектор.

Оствариме голем број на средби со бизнис секторот и политички и дипломатски претставници, во насока на обезбедување на партнерска поддршка и соработка, презентирајќи го нашиот град како одлична можност за инвестиции. Можеби во овој исклучителен тежок период можевме повеќе и се согласувам со секој од Вас што ќе рече „секогаш може повеќе". Но, овој период почитувани мои сограѓани не беше воопшто едноставен. Поминавме одреден период на скенирање на состојбата од претходната власт, соочување и успеавме со добро менаџирање и домаќинско работење да реализираме исплата на околу 120.000.000 денари од вкупно 300.000.000 денари наследени обврски и го трасиравме патот за отворање на можности со цел исполнување на дадените ветувања.
Искрено денеска, верувам дека сме на вистинскиот пат, иако пред се исклучително ми е важно вашето мислење, на моите сограѓани!
И затоа, секогаш сум отворен за соработка и барам корекција од Вас доколку сметате дека сме погрешиле или можеме уште подобро. Само преку директна комуникација со граѓаните можам да ги детектирам секојдневните проблеми во Општина Прилеп!
Затоа драги мои сограѓани, Прилеп е во нашите раце и ние заедно можеме својата иднина да ја направиме подобра, соочувајќи се со предизвиците, а не избегнувајќи ги, решавајќи ги препреките, а не прескокнувајќи ги. Ние заедно можеме да одлучуваме за нашата иднина и за преземање на нови иницијативи.Предизвикот со кој Прилеп се соочува во новата година сметам дека се состои само од две клучни работи: повеќе верба и оптимизам дека можеме заедно да делуваме за да успееме во подобрување на квалитетот на живеење за сите нас, за нашите деца, за нас самите.

Во склоп на развојната програма за претстојниот период имаме неколку големи проекти со кои што ќе започнеме уште од месец март 2023 година, со самиот почеток на новата градежна сезона, во која што ќе реализираме асфалтирање и рехабилитација на околу 50 улици, нова монтажна катна гаража (позади зградата на УЈП), нов кружен тек на булеварот „Гоце Делчев" (кај Тинекс), реконструкција на сите спортски игралишта во градот и многу други тековни проекти.
На крај, сакам сите граѓани на Општина Прилеп да ги уверам дека промените носат подобра иднина и во наредниот период чесно и одговорно ќе ја практицирам функцијата градоначалник и дека по никоја цена нема да отстапам од трите основни заложби:
-Да бидам градоначалник, еднаков за сите граѓани;
-Да креирам достоинствен живот за сите граѓани;
-Да создадам општина, со која сите ќе се гордееме;

Со почит,
Д-р Борче Јовчески
Градоначалник на општина Прилеп

# КОМПЛЕТНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПЛОШТАДОТ „МЕТОДИЈА АНДОНОВ - ЧЕНТО“ НА ПОТЕГОТ ОД СПОМЕНИКОТ „ПЕЦЕ АТАНАСОСКИ“ ДО ООУ „КОЧО РАЦИН“

## Комплетна реконструкција на пешачката улица Борка Талески на потегот од споменикот „Пеце Атанасоски“ до ООУ „Кочо Рацин“ која што е составен дел од плоштадот „Методија Андонов-Ченто“.

Во првата година од новата локална власт на ВМРО-ДПМНЕ на чело со градоначалникот Борче Јовчески е реконструиран последниот крак на Плоштадот „Методија Андонов - Ченто“, поточно пешачката патека на ул. „Борка  Талески.



Вкупната поплочена површина со гранитни плочки е 3500 метри квадратни и должина од 250 метри, вклучително и целосна реконструкција на подземната инфраструктура.

Оваа инвестиција е со вредност од 25.000.000 денари.

# ПРЕД



# ПОТОА







365 ДЕНА ПРОМЕНИ
ШТО НОСАТ ИДНИНА

# ДОИЗГРАДБА НА ДЕТСКА ГРАДИНКА ВО НАСЕЛБА ТОЧИЛА

## СЕ ДОИЗГРАДИ ДЕТСКАТА ГРАДИНКА ВО НАСЕЛБА ТОЧИЛА СО КАПАЦИТЕТ ЗА 250 ДЕЦА.

Со доизградбата на оваа градинка која беше дел од нашата предизборна програма, овозможуваме децата кои се на листите на чекање за прием во детските градинки во другите населби, да влезат во воспитно-образовниот систем и да се подготват за образовниот процес. Воедно, им помагаме и на младите родители згрижувајќи ги нивните дечиња, но и создаваме услови за нови вработувања.



Општина Прилеп од Буџетот за 2022 година за овој проект одвои средства во висина од 37.000.000 денари.



Оваа детска градинка се простира на површина од 5000 метри квадратни и има капацитет за згрижување на 250 деца.





# ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

## АСФАЛТИРАЊЕ УЛИЦИ

Во делот на патната инфраструктура веднаш започнавме со асфалтирање на улиците кои не беа асфалтирани.

Во периодот од месец ноември 2021 година до месец октомври 2022 година беа асфалтирани следните улици:

-Киро Пајмакоски – 140м

-Браќа Ламески–дел – 80м

-11-ти Октомври-крак – 160м

-Дабнички завој-краци – 300м

-Цена Џинорозот – 230м

-Благоја Крстески - 180м

-Добре Иваноски – 100м

-Прохор Пчињски – 160м

-Мирче Ацев – 300м

-Кеј 9-ти Септември – 130м

-Драган Димески – 90м

-Панко Брашнаров – 245м

-Партизански одреди – 265м

-Кеј – 19-ти Септември – 100м

-11-ти Октомври-дел – 120м









# ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

## АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИТЕ ВО ИНДУСТРИСКАТА ЗОНА „МЕТАЛЕЦ“

Со цел да создадеме погодни услови за зајакнување и унапредување на бизнисот како и за развој на економијата во нашата општина започнавме со асфалтирање на улиците во индустриската зона „Металец“.



Во насока на подобрување на квалитетот на одвивање на сообраќајот и подобрување на градската патна инфраструктура, извршивме санирање на ударните дупки, прокопи и беа реализирани и други работи на улиците и патиштата.












Во делот на патната инфраструктура за асфалтирање на улици во 2022 година беа инвестирани 27.000.000 денари.

# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

## ПОДОБРЕНО ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО-ПРОМЕТНИТЕ ПОВРШИНИ ВО ГРАД ПРИЛЕП

Проект „Подобрено одржување на јавно прометните површини во град Прилеп“ одобрен од Бирото за регионален развој од Повикот за развој на урбаните подрачја и одржлив урбан развој за 2021 година преку кој е набавено комунално возило - цистерна за перење на јавно прометни површини и носење на вода. Вкупен износ **5.999.120,00 денари**. Со комплетирање на потребната документација ова возило ќе биде предадено на користење на јавното комунално претпријатие „Комуналец“.



## ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ЖИВОТ НА МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ И РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ЖИТЕЛИ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН ПРЕКУ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ И ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА НИВНА СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА

Преку овој проект обезбедена е опрема за Дом за стари лица „Киро Крстески Платник“ која опфаќа: 90 медицински кревети, 53 кревети од масивно дрво, 50 масички на тркала погодни за сите видови на кревети, 64 трпезариски столици, 16 трпезариски маси, 8 сета од по 4 столици за во ходник, 18 плакари за во собите.

Проектот е одобрен од Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој, од Програмата за рамномерен регионален развој за 2021/2022 година, како регионален проект аплициран преку Центарот за развој на Пелагнискиот плански регион во соработка со Општина Прилеп. Вкупниот износ на финансиски средства за овој проект е во износ од 5.287.209,00 денари.



# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ



**Реконструкција на таван во хол на приземје во ЈОУ Дом за стари лица „Киро Крстески-Платник“-Прилеп во износ од  299.873 денари обезбедени од сопствени средства на домот. Проектот е реализиран во месец Декември  2021 година.**





## НАБАВКА НА ТАБЛЕТИ ЗА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ НА ГРАЃАНИ ОД РОМСКА ЗАЕДНИЦА

Проект одобрен од Министерството за локална самоуправа, врз основа на Стратегијата за Ромите во Република Македонија. За реализација на овој проект доделени се финансиски средства од Министерството за локална самоуправа и набавени се 22 таблети кои ќе бидат наменети за олеснување на наставата на ученици од социјално ранливите категории од ромската заедница во ООУ „Добре Јованоски“. Вкупен износ на проектот 277.200 ден. Во најскоро време таблетите ќе бидат предадени на основното училиште „Добре Јованоски“ - Прилеп.



# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

## ПРИЛЕП ДОБИТНИК НА НАГРАДАТА НА ЕУ ЗА „НАЈЗЕЛЕНА ОПШТИНА“ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Општина Прилеп ја доби наградата за Најзелена општина за 2021 година како дел од кампањата за промоција на Европскиот Зелен Договор. Делегацијата на Европската Унија ја промовираше „Наградата за најзелена општина” во рамките на нејзината кампања за подигање на свеста и промовирање на Зелениот договор на ЕУ.



На отворениот повик, објавен на 3 март 2022 година по повод Светскиот ден на дивиот свет, сите општини во Република Македонија беа поканети да аплицираат со прикажување на нивните најдобри примери за управување со цврст отпад во 2021 година, а Општина Прилеп беше избрана како општина со најдобри практики за управување со цврст отпад.

## УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА УЛИЦА „ДЕБАРЦА“

Проектот е аплициран и одобрен од Министерство за транспорт и врски за користење на средства од Буџетот на Министерство за транспорт и врски за 2021 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите. Вкупна вредност на проектот 933.153 денари со вклучен ДДВ.



# ЗАВРШУВАЊЕ НА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГЛАВЕН ДОВОД ОД ПАШОСКИ ЛИВАДИ ДО СОБИРНА ШАХТА НА ГРАД ПРИЛЕП

## ЗАВРШНА ФАЗА НА РЕКОНСРУКЦИЈАТА НА ГЛАВНИОТ ДОВОД ОД ПАШОСКИ ЛИВАДИ ДО СОБИРНА ШАХТА НА ГРАД ПРИЛЕП СО СРЕДСТВА ОД ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Во изминатата година на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ во општина Прилеп се заврши со реконструкција на последните 809 метри на главниот довод од месноста Пашоски ливади  до собирната шахта во град Прилеп. Оваа реконструкција беше реализирана со средства од Буџетот на ЕЛС Општина Прилеп во висина од 10,500,000 денари.



# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНИ ЛИНИИ НА ПОВЕЌЕ УЛИЦИ НИЗ ПРИЛЕП

## ВО 365 ДЕНА ЛОКАЛНА ВЛАСТ, НИЗ ГРАДОТ ПРИЛЕП РЕКОНСТРУИРАВМЕ 1985 МЕТРИ ВОДОВОДНИ ЛИНИИ

ЈКП „Водовод и канализација“ - Прилеп во оваа една година беше на висината на својата задача. Покрај завршувањето на главниот довод од Пашоски ливади, за тоа доказ е и реконструкцијата на водоводните линии низ градот Прилеп. Беа реконструирани вкупно 1985 метри, а за овие реконструкции беа инвестирани вкупно 4.299.347 денари. Исто така беа рехабилитирани (со нови елементи) и ставени во функција сите градски фонтани.



# ИЗГРАДБА НА ПАРКОВСКИ ПОВРШИНИ И ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА

## ИЗГРАДБА НА НОВ ПАРК НА УЛИЦА „ЛАЗО ФИЛИПОВСКИ“

Паркот е изграден од природни материјали во автентичен стил, онака како што го замислиле и го доживуваат жителите од оваа улица. Паркот содржи летниковци, патеки, на дел од паркот се поставени  и 4 детски реквизити за забава, 6 клупи,  зелени површини, цвеќе и зимзелени украсни растенија. Ова е одлично место за игра на најмаладите, и релаксација и одмор за возрасните.

Паркот е на површина од 400 метри квадратни и е изграден во соработка помеѓу жителите на оваа улица и јавното комуналнно претпријатие „Комуналец“.



## ИЗГРАДБА НА НОВ ПАРК ВО КРУГОТ НА ГРАДСКАТА БОЛНИЦА „БОРКА ТАЛЕСКИ“



ЈКП „Комуналец“ изгради нов детски парк на јавна површина во кругот на болницата. Детскиот парк се градеше на барање на жителите од овој дел на градот. Паркот е со површина од 200м2, и содржи детски реквизити за забава, клупи за одмор и релаксација, и е со оградена површина заради безбедност. Финасиските средства се обезбедени од „ Комуналец“ и Локалната самоуправа.



# ОБНОВУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И ПОСТАВУВАЊЕ НОВИ СОДРЖИНИ

## ЗБОГАТЕНИ И ОБНОВЕНИ СЕ НАЈГОЛЕМИТЕ ПАРКОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП

-Обновување на паркот кај судот, засејување на трева и поставување на нови  дрвени куќарки, корпи за отпадоци,засадување на дрвја и украсни растенија.



-Обовување на паркот во населба Точила на површина од 23.000м2



-Обновување на паркови и детски игралишта на двосмерната 5-та Прилепска



-Комплетна реконструкција на централен парк на паднатите борци од НОБ



# НАБАВКА И ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОЛУПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ

## СО ЦЕЛ МОДЕРНИЦАЗИЈА И ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД, ВО ЦЕНТАРОТ НА ПРИЛЕП СЕ ПОСТАВЕНИ ПОЛУПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ

Во една година практикување на локалната власт, Општина Прилеп заедно со ЈКП „Комуналец“ посветија големо внимание на чистотата на град Прилеп. Како доказ го имаме реализираниот проект на поставување на полуподземни контејнери во центарот на градот на новоизградениот плоштад.





# ЧИСТЕЊЕ ДИВИ ДЕПОНИИ

## НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ВО ИЗМИНАТАТА ЕДНА ГОДИНА Е ДЕПОНИРАН ОТПАД СО ЗАФАТНИНА ОД 6000 МЕТРИ КУБНИ

-Чистење дива депонија на патот за езеро 60 м3
-Голема еколошка акција за чистење на неколку диви депонии од подвозникот кај Салида до Бензиска станица ЛУК ОИЛ, на предлог на градоначалникот Борче Јовчески-600м3
-Чистење дива депонија Заполшки мост-100м3
-Чистење пред и околу Работнички универзитет -80 м3
-Чистење дива депонија на обиколен пат Жито Прилеп до Варош-120м3
-Чистење на дива депонија на Песјобрдце на патот за Мажучиште-80м3
-Чистење на една од најголемеите диви депонии позади касарна- на крајот од улицата „Ердован Шбаноски“ -2000м3
-Чистење на дива депонија позади сала Македонија -10м3
-Чистење дива депонија по патот за манастирот Трескавец -20 м3
Започната е да се чисти втората голема депонија по патот за езеро од десната страна по колскиот пат накај карпата Баба 2000м3
-Чистење дива депонија на Александар Македонски - накај ЛУК Оил-30м3
-Чистење дива депонија кај Дабнички завој-300 м3
Чистење околу мотел на Вештачкото езеро-30м3



# Машинско чистење на отпад, тиња, троскот по Дабнички канал- 5000м3

## 365 ДЕНА КОНСТАНТНО ОДРЖУВАЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА РЕЧНОТО КОРИТО

Во оваа една година хигиената во нашиот град беше и во иднина ќе остане на највисоко ниво благодарение на посветеноста на јавното комунално претпријатие „Комуналец“. Изминатава година констатно се одржува и чисти Дабничкиот канал од кој се исфрлени повеќе од 5000 метри кубни отпад.

## ЗА ПОЧИСТ И ПОУБАВ ПРИЛЕП!






## 6000 МЕТРИ КУБНИ ДЕПОНИРАН ОТПАД





# ОПШТИНА ПРИЛЕП СО СКОК ОД 18% ВО ТРАНСПАРЕНТНОСТА ВО ОДНОС НА 2021 ГОДИНА

## ЕДНА ЗНАЧИТЕЛНА ПРОМЕНА ВО РАБОТАТА НА СОВЕТОТ ИЗМИНАТАТА ГОДИНА БЕШЕ ТОА ШТО СЕДНИЦИТЕ СЕ ПРЕНЕСУВАА ВО ЖИВО И БЕА ДОСТАПНИ ЗА СЕКОЈ ГРАЃАНИН

Седниците на Советот на Општина Прилеп досега беа од затворен тип освен за акредитираните медиуми и гости. Сега ја потенцираме разликата со тоа што од 29.12.2021 година, на иницијатива на претседателот Дејан Проданоски седниците на Советот на Општина Прилеп веќе се од отворен карактер и секој еден може да ја следи работата на Советот и активноста на избраните советници. Со оваа одлука која беше дел и од изборната ветена програма на ВМРО-ДПМНЕ ја доближуваме Општина Прилеп до секој еден прилепчанец.



# ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ОД 6000 ДЕНАРИ ЗА СЕКОЕ НОВОРОДЕНЧЕ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП

## ЕДНОКРАТНА ФИНАНСКИСКА ПОМОШ ЗА СЕКОЕ НОВОРОДЕНО ДЕТЕ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП, НЕШТО ШТО ПРЕТСТАВУВА НОВ ПРОЕКТ И ГОЛЕМА ПОМОШ ЗА СИТЕ ПРИЛЕПЧАНИ

Преку субвенционирање на семејствата со доделување на еднократна парична помош од 6.000 денари материјално ќе се помогне во покривање на дел од првичните трошоци на семесјтвата за обезбедување на соодветни услови за новородените деца, исто така ќе влијае и на поттикнување на наталитетот а со тоа и зголемување на природниот прираст во нашата општина. За реализација на Програмата во Буџетот на Општината за 2022 година беа предвидени средства во висина од 3.600.000,00 денари.



# СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИТЕ ЗА КУПУВАЊЕ ВЕЛОСИПЕДИ ЗА 2022 ГОДИНА

## ЈАВЕН ПОВИК ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ ЗА КУПУВАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП

Во насока на грижата за здрава животна средина и поддршка на граѓанскиот сектор, продолживме со субвенционирање на дел од средствата за купени велосипеди за околу 400 наши сограѓани со вкупен буџет од 2.000.000 денари.




# УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

## ИЗРАБОТКА НА НОВИ **ГУП** И НОВИ **ДУП** НА ОПШТИНА ПРИЛЕП

**Интензивно се работи на техничка исправка за ГУП на град Прилеп. Изработка на нови ДУП и дополнување на старите со посебно внимание на индустриските зони. Продажба на неизградено градежно земјиште и јанкење на буџетот на општината, стопирање на изградбна на диоградби и намалување на негативните ефекти предизвикани од нив. Во соработка со ЈП за ПУП се работи на урбанистички проекти за нов кружен тек на булевар „Гоце Делчев“ кај Тинекс и проекти за монтажни катни гаражи на локации: позади зградата на УЈП и на паркингот кај Општинската зграда.**

# ЛЕГАЛИЗАЦИИ

После подолго време повторно непречено се одвива процесот на легализација на бесправно изградени објекти во општина Прилеп. Мора да се напомене фактот дека наследивме околу 6000 барања кои што со сигурност можеме да кажеме дека во наредниот период сите ќе бидат разгледани и нема да остане ниту едно неразгледано барање.

Со легализацијата се опфатени барањата на граѓаните поднесени во 2011 година, како и дел од барањата што се однесуваат на 2016 и 2018 година од продолжениот рок.

# ОБРАЗОВАНИЕ

## ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП

**Со цел да ги подобриме условите за работа во сите училишта во нашиот град и да изградиме поквалитетен образовен систем, во првата година од нашиот мандат инвестиравме повеќе од 30.000.000 денари во основните и средните училишта во општина Прилеп. Во рамките на овие инвестиции спаѓаат реконструкции и рехабилитации на училниците, ходниците, тоалетите, кабинетите, наставничките канцеларии, спортските сали и спортските игралишта, исто така поставени се образовни помагала-смарт табли, хортикултурно и партерно уредување на дворовите, набавени се компјутери, телевизори, извршени се адаптации на сензорни соби во две основни училишта.**

## ООУ „РАМПО ЛЕВКАТА“ - ПРИЛЕП








## ООУ „КОЧО РАЦИН“-ПРИЛЕП





## ООУ „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - ПРИЛЕП





## ООУ „ДОБРЕ ЈОВАНОСКИ“ - ПРИЛЕП









## ООУ „КИРЕ ГАВРИЛОСКИ -ЈАНЕ“ - ПРИЛЕП





## ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ПРИЛЕП





# КУЛТУРА ФЕСТИВАЛИ СПОРТ

## ПОДДРШКА КОН ЗБОГАТУВАЊЕТО НА КУЛТУРНИОТ ЖИВОТ ВО ГРАДОТ

Се одржаа повеќе настани од областа на културата предвидени со годишната програма на Општина Прилеп, со што се даде придонес кон збогатувањето на културниот живот во градот. Од реализирана програма за негување на културното наследство и традицијата ги издвојуваме следните настани:

Карневал Прочка - настан од исклучително значење на Прилеп, кој го стави градот на светската карта на карневалски градови. Годинава само со домашни учесници, училишта, гости од други градови од Македонија и бројна публика.

Фестивалот на народни инструменти и песни Пеце Атанасоски, поддржан и од министерството за култура, како еден од најзначајните фестивали за изворен фолклор.

Мариовско-мегленски средби се одржаа во манастирот Св. Илија во близина на село Витолиште. Овие средби се со над 30 годишна традиција и се од големо значење за македонците кои живеат на двата краја од границата.

Пиво Фест со бројни гости, музички настапи, излагачи и задоволна публика.

Со пригодна програма се одбележаа: 3 Ноември, Меѓународниот Ден на Роми, Денови на Крали Марко, Карпалак, 11 Октомври и други значајни датуми и личности од историјата на Прилеп.

Со поддршка на Општина Прилеп се одржаа фестивалите Ѕвездички, Мелфест, Силјан Штркот, театарскиот фестивал Војдан Чернодрински, Џез фестивал.

Покрај овие наведени настани, локалната самоуправа на Општина Прилеп во 2022 година даде финансиска поддршка и на други фестивали, манифестации и спортски настани кои се од значење за општината.

## ПРОЧКА 2022





## ПИВО ФЕСТ 2022





## ФЕСТИВАЛ „ПЕЦЕ АТАНАСОСКИ“





## МТФ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“





## ПРИЛЕП ЏЕЗ ФЕСТИВАЛ 2022






# СПОРТ









**Со континуирана финансиска поддршка за негување на културните манифестации и поддршка за спортот и спортските клубови, Општина Прилеп во 2022 година инвестираше околу 10.000.000 денари.**

# ПРОЕКТИ ВО ФАЗА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

**Проект „Реконструкција на улица „Леце Котески“ аплициран до Проектот за поврзување на локалните патишта – финансиран од Светска банка и имплементиран од Министерство за транспорт и врски. Со одлука на Влада извршена е распределба на средства, за Општина Прилеп доделени се 1.257.223,42 евра. проект за реконструкција на улица „Леце Котески“ и улица „Мице Козар“.**
**Проектот опфаќа реконструкција на улицата „Леце Котески“ во должина од околу 2 км од крстосницата со ул.„Трајко Николоски“ до Мермерен Комбинат со вкупен износ од околу 1.000.000 евра, Поднесената апликација до Проектот за поврзување на локалните патишта е прифатена, а во меѓувреме се средуваше техничката документација (направени беа корекции, дополнувања и подобрувања). Моментално од страна на Проектната единица е отпочната постапката за јавна набавка (објавен е тендер за изведба на градежни работи).**



Проект „Подобрување на ефикасноста за заловување на бездомните кучиња и поголема контрола на популацијата на бездомните кучиња на територијата на Општина Прилеп“ одобрен од страна на Министерството за локална самоуправа - Биро за регионален развој од повикот за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив урбан развој за 2022 и 2023 година. За реализација на проектот доделени се финансиски средства во вкупен износ од 3.500.000,00 денари за набавка на возило за транспорт на бездомни кучиња и дополнителна опрема за заловување и сместување во стационарот. Проектот е во почетна фаза на имплементација. (Договорот со БРР од страна на градоначалникот Борче Јовчески е потпишан на 05.10.2022 год.)

Проект „Зајакнување на општинските совети – фаза 2“
Општина Прилеп е една од десетте општини кои се избрани за учество во имплементација на проектните активности на програмата „Зајакнување на општинските совети – Фаза 2“ во периодот 2022 – 2023 година.

Главната цел на проектот се однесува на поддршка на развојот на локалните самоуправи, првенствено преку зајакнување на општинските совети, со цел да бидат во можност ефективно да ги исполнат нивните доделени улоги на претставување, надзор и донесување одлуки преку активно вклучување на граѓаните. Понатаму, проектот цели и кон унапредување на системот на локална самоуправа, децентрализација и подобрување на условите за живот во локалните заедници, преку подобрување на развојните политики и правната рамка за локален развој и децентрализација. Предвидени се активности за дигитализација на општинските услуги, зголемување на транспарентноста и учеството на граѓаните во донесување одлуки на локално ниво преку организзриање Форуми на заедниците, како и борба против корупцијата. Општина Прилеп ќе има можност да искористи грант за реализација на проект/и избрани низ директна консултација со граѓаните во износ од 40.000 до 60.000 УСД, а за дигиталната компонента и подобрување на транспарентноста ќе добие опрема во износ од 10.000 до 12.000 УСД.

Програмата „Зајакнување на општинските совети – фаза 2“ ја финансираат Швајцарската влада и Министерството за локална самоуправа, а ја кофинансира и спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со национални и локални партнери.

**Проект за поставување на фотоволтаици и систем за топла вода на Домот за стари лица „Киро Крстески Платник“**

**Аплициран преку Центарот за развој на Пелагонинискиот плански регион до Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој, како дел од регионалните проекти за 2022 година. Вкупен износ околу 7.000.000 ден.**

**Се чека финална одлука за селекција на проектите.**


365 ДЕНА ПРОМЕНИ
ШТО НОСАТ ИДНИНА